ОПШТИНА ЦЕНТАР
Бр. 09-919/8
04.02 2026 год.
СКОПЈЕ

*Во согласност со одредбите од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 294/21 и 101/25) и член 6 од Правилникот за безбедност на обработка на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 266/24), Градоначалникот на Општина Центар Скопје, ја донесе следната*

# ПОЛИТИКА ЗА ПРИВАТНОСТ

## *Контролор:*

***Општина Центар***
**Михаил Цоков бр. 1, Скопје, РС Македонија**
**Тел: +389 2 3203 693, +389 2 3203 600**
kontakt@centar.gov.mk

## *1. Општо*

***Општина Центар*** *(во понатамошниот текст: Општина Центар, Контролор, организација), посветува значително внимание на заштитата на личните податоци во секој сегмент на деловните процеси, преку примена на стандардите утврдени со законските и подзаконските прописи за заштита на личните податоци во РСМ, како и со интерните акти на друштвото.*

*Заштитата на податоците на нашите посетители и корисници како и користењето на податоците само на начинот на кој нашите посетители и корисници очекуваат е еден од нашите најголеми приоритети. Во таа насока, следнава политика е дизајнирана со цел да ве информира за обработката на вашите лични податоци и вашите права во врска со оваа обработка според Законот за заштита на лични податоци и други законски прописи и регулативи.*

*Лица чии податоци можеме да собираме и обработуваме*

*Можеме да собираме, употребуваме и обработуваме податоци поврзани со следниве категории на лица кои се посетители на нашата интернет страна:*

- *Баратели и доставувачи на информации во врска со поднесување на барања и/или разни други пораки преку контакт формите. Овие барања/пораки необврзително содржат информации за идентитетот на испраќачот. Овие податоци имаат ограничен обем, вообичаено име, презиме и контакт податоци, кои се тесно поврзани со самото барање или достава на информации.*
- *Посетители на нашата интернет страна* https://www.centar.gov.mk/ . *Обработуваме податоци за страните кои се посетуваат, кои се користат за анализирање на посетеноста на нашата веб-страна како и нејзината употребливост. Исто така обработуваме податоци од тип на акции заради имплементирање на информациската сигурност на нашата веб страна и заштита од неовластени упади и/или напади.*

- *Лица кои врз основа на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, бараат пристап до истите. Како би добиле пристап до информациите, од подносителите се бараат информации за идентитетот на испраќачот и природата/потребата на самото барање. Овие податоци имаат ограничен обем, вообичаено име, презиме и контакт податоци, кои се тесно поврзани со самото барање и се користат во согласност со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.*

## 2. Видови на податоци кои ние ги собираме

*Во зависност од тоа за која намена се доставени/прибрани податоците, ние собираме разни видови податоци од субјектите кои се потребни за исполнување на целта за која се прибрани, како и за професионалните односи помеѓу **организацијата** и корисниците. Може да собираме вакви информации на повеќе начини, вклучително од Вас директно, од нашите авторизирани подизведувачи, од трети страни со кои што соработуваме.*

*1. Кои податоци при посета се евидентираат*

*За време на посета на нашите интернет страни, платформата за секој корисник врши запис/лог со следни информации:*

- *Времето на посетата*
- *Страната која се посетува и подопциите при тоа*
- *Страната од која е препратена посетата и во некои случаи клучните зборови кои се користени при истотото препраќање*
- *Оперативниот систем кој се користи и нагодувањето за екранска резолуција*
- *Видот на пребарувачот и неговата верзија*
- *Јазикот кој се користи на пребарувачот*
- *Интернет (IP) адресата од која се пристапува*
- *Типот на уред од кој се пристапува*

*Сите записи (логови) ротираат и се пребришуваат на секои 15 дена, освен заради проучување на сигурносен или кориснички проблем, кога дел од нив можеби ќе се анализираат подолго.*

*2. Потврдена дозвола за користење и доброволно доставени лични податоци*

*Со Ваше потврдување и давање на дозвола или доброволно доставување на лични податоци за понатамошна употреба и обработка при остварување на соодветни дејствија согласно законските прописи, при достава на информации или барање на некоја административна услуга.*

*Собираме, употребуваме и обработуваме лични податоци од следниве категории: лично име и презиме, Ваша адреса и/или контакт телефони, факс, Е-пошта, печат и/или потпис.*

*Начини на кои ги собираме Вашите лични податоци*

*Вашите лични податоци можеме да ги собираме на неколку начини:*

- *Кога усмено ни давате информации на нашите фиксни или мобилни телефони;*
- *Кога ни испраќате директно факс документ на нашите телефони;*
- *Кога ни испраќате директно пошта преку поштенски сервис;*
- *Кога ни испраќате порака директно на нашите Е-пошти;*
- *За време на користење на нашите интернет страни, апликации или контакт форми;*

*Кога преку директна комуникација со нас доставувате некое барање или информација, одговорното лице од наша страна подготвува записник кој го потпишувате взаемно и потоа се заведува во архивата на Општина Центар.*

*Типови категории на обработувачи на лични податоци*

*Исклучиво нашите вработени кои се одговорни за предметните задачи поврзани со активностите околу обработка и употреба на личните податоци ќе имаат пристап до нив.*

*Не користиме надворешен систем (Google analytics или Facebook pixel и слични) за анализа и статистика на нашите посети и не споделуваме податоци за Вас или Вашата посета на нашите интернет страни со никого, освен по барање на суд, полиција или други органи за вршење на законски дејствија.*

## *3. Рокови за чување на Вашите лични податоци*

*Податоците ќе се чуваат само онолку колку што е потребно за да се исполнат сите горенаведени цели. Личните податоци нема да се чуваат во форма што дозволува да бидете идентификувани подолго отколку што е потребно за да се постигне целта за која се собрани или обработувани.* ***Општина Центар*** *чува одредени лични податоци во согласност со временските рокови пропишани со закон или со интерните акти на друштвото и само во траење кое е потребно за остварување на целта заради која се собрани.*

## *4. Безбедноста на лични информации*

*Доверливоста на личните податоци на клиентите на* ***Општина Центар*** *има посебен фокус од страна на сите вработени во* ***организацијата.***

**Општина Центар** ги презема потребните технички и организациски мерки со цел да осигура дека личните податоци се заштитени од случајно губење или откривање, уништување или злоупотреба. За оваа цел, се применуваат голем сет на технички и организациски мерки со кои
**Општина Центар** гарантира дека личните податоци се обработуваат строго согласно Законот за заштита на личните податоци и дека се обработуваат од добро обучени лица со ограничен и контролиран пристап до истите и преку безбедни и модерни ИТ системи.

Секој вработен е одговорен за почитување на интерните политики за заштита на лични податоци на **организацијата и** има нулта толеранција за случаи кои може да ја доведат во прашање довербата и приватноста на клиентите.

Нарушување на безбедноста на лични податоци може да настане во случај на случајно или намерно уништување, губење, менување, откривање или пристап до личните податоци. Во ваква ситуација, **организацијата** веднаш откако дознала за нарушувањето на безбедноста а најдоцна во рок од 72 часа ја известува Агенцијата за заштита на лични податоци. Доколку оцени дека станува збор за ситуација каде што постои веројатност да предизвика висок ризик за правата и слободите на клиентите, и се исполнети законските услови од Законот за заштита на личните податоци, ги известува и сите засегнати физички лица.
**Општина Центар**
има донесено соодветна процедура за начинот на кој вработените треба да пријават до Агенцијата за заштита на личните податоци во случај на настанување на безбедносен инцидент поврзан со протекување или нарушување на лични податоци.

## 5. Рок на чување на собраните податоци

Должината на времето кога ги чуваме Вашите информации зависи од тоа за каков вид на информации станува збор.
Сите податоци поврзани со вработените се чуваат согласно барањата на Законот за работни односи и Законот за архивско работење, односно во временски рок од 45 години.
Сите извештаи за вработени како што се дисциплински и истраги се чуваат 3 години по завршување на работниот однос.
Поплаките кои ги даваат корисниците се чуваат 3 години.
Податоците добиени од потрошувачите или други клиенти преку потпишување на договор се обработуваат за времетраење до исполнување на облигациите од тој договор и се бришат најдоцна 1 година по исполнување на сите права и оберски кои произлегуваат од тој договор.
Сите добиени согласност од страна на субјектите на личните податоц.

Ние ја чуваме нашата евиденција барем за минималниот наведен потребен период на задржување.

## Вашите права и контакт во врска со Политиката за заштита на лични податоци

**Организацијата** гарантира остварување на сите Ваши законски права во врска со обработката на Вашите лични податоци. Вие во секој момент имате право да побарате од **организацијата**:

- **право на пристап** – право да поденсете Барање за пристап до своите лични податоци, односно да добиете информација за податоците што се обработуваат за Вас и да проверите дали се тие точни и ажурирани,
- **право на исправка** – доколку откриете дека Вашите лични податоци што ги обработува **организацијата** не се точни или не се целосни, имате право да побарате нивна исправка,
- **право на бришење** – право да побарате од **организацијата** да ги избрише Вашите лични податоци под одредени услови утврдени со закон;
- **право на ограничување на обработката** – право да побарате **организацијата** да ја ограничи обработката на Вашите лични податоци под одредени услови утврдени со закон;
- **право на преносливост на податоците** – право да ги добиете своите лични податоци во структуриран, вообичаено користен и машински читлив формат и да ги пренесете на друг обработувач, без попречување од **организацијата.**
- **право на приговор** – право на приговор врз основа на конкретна ситуација доколку обработката на Вашите лични податоци се заснова на легитимен интерес или се врши за цели на директен маркетинг и за профилирање поврзано со директниот маркетинг, под одредени услови утврдени со закон.
- **право на повлекување на согласноста** – имате право да ја повлечете својата согласност за користење на Вашите лични податоци во секое време. Повлекувањето на согласноста не влијае врз законитоста на обработката, врз основа на согласноста пред нејзиното повлекување.

*Напоменуваме дека Барањето за остварување на правата можете да го поднесете на адреса Михаил Цоков бр. 1, Скопје, РС Македонија со назнака „за Офицер за заштита на лични податоци" или електронски, на е-адресата kontakt@centar.gov.mk при што треба електронски да го потпишете Барањето или пак да го испратите скенирано пополнетото Барање. Регулаторно тело за заштита на личните податоци е Агенцијата за заштита на личните податоци со адреса: бул.„Гоце Делчев"бр. 18, (зградата на Македонска радио телевизија МРТВ – кат 14) и контакт: info@privacy.mk*

***НАПОМЕНА:*** *Пред поднесување на Барање за остварување на правата се охрабруваат и замолуваат сите субјекти на лични податоци да ги прочитаат релевантните законски одредби цитирани погоре кои содржат услови и ограничувања кога и како се остваруваат правата, а со цел да се избегнат непотребни и неосновани барања до хотелот.*

## 14. Промени на Политиката за приватност

*Политиката за приватност редовно ќе се менува и дополнува соодветно на настанатите промени и нашите активности. Ве молиме посетувајте ги политиките за информираност при евенутални промени.*

***Управата на Општина Центар се грижи за Заштитата на личните податоци на вработените и на субјектите до чии податоци има пристап и изјавува дека ќе се придржува до имплементираните технички и организациски мерки!***

Офицер за заштита на лични податоци
Иван Аџиевски________________
Администратор на систем
Златко Чергар________________
Контролирал: Раководител на правен сектор
Оливер Лазоски ________________
Согласен: Секретар на Општина Центар
Георги Трајчев________________

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**м-р Горан Герасимовски**

________________